Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 11-149/1
15.III.2016 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ- СООПШТЕНИЕ ЗА ПРАВАТА КОИ ГИ ИМААТ СТУДЕНТИТЕ СОГЛАСНО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО ВРСКА СО ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

Се известуваат сите студенти на УКИМ Шумарски факултет да бидат запознати со нивните права што ги имаат согласно законската регулатива во врска со полагањето на испити, односно за нивните права во случаеви кога не се задоволни од оценката од проверка на знањето и тоа:

**1.Право на приговор заради оценка од проверка на знаењето**

Согласно член 115 од законот за високо образование и член 256 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, **студентот во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите од завршното оценување, може да поднесе приговор до деканот, ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со закон иактите на Универзитетот и факултетот .**
Ако деканот утврди дека се исполнети условите , наставникот во рок од 24 часа ќе ја преиспита оценката од завршното оценување. Ако наставникот не ја преиспита или потврди оценката што ја утврдил во предвидениот рок, студентот го полага испитот пред трichлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје.Деканот ја формира комисијата.
Испитот пред комисија се спроведува во наредните 24 часа наредниот работен ден, сметано од денот на добивање на известувањето за преиспитувањето на оценката.
Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата од претходниот став на овој член.

**2. Право на повторување на испит**

Согласно член 115 од Законот за високо образование и член 256 став 5 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје **студентот има право по негово барање да му се овозможи да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу 4(четири месеци од полагањето**).Оценката добиена на повтореното завршно оценување е конечна и студентот нема право да го повтори завршното оценување.

**3.Право на комисиско полагање**

Согласно член 254 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје,испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу три пати, од кои третиот пат, **по барање на студентот**, испитот се изведува **пред комисија** составена од три члена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје. Деканот ја формира комисијата.
Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата.
Студентот кој и по трет пат не успеал да го положи испитот е должен во наредната академска година повторно да го запише тој предмет.
Студентот кој испитот не го полагал и студент кој испитот не го положил, е должен во наредната академска година повторно да го запише тој предмет.

**Доставено до:**архива, студенски прашања, огласна табла, секретар, веб страна на УКИМ

**Изработил:**дипл прав.Весна Танеска -секретар

ДЕКАН
Проф.д-р Јане Ацевски